**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-163/4
11.03 2022 год.
ПРОБИШТИП

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Пробиштип |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Анкица Кијајова, Советник за социјална заштита, Координатор за еднакви можности на жените и мажите во општина Пробиштип |
| **Период на известување** | За 2021 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 11.03 2022 година |

**Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов
_______________
Потпис:

Дата,
11.03 2022 година

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

А) Позитивни
Б) Охрабрувачки
В) Програмски

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

-Општина Пробиштип и Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП) потпишаа меморандум за соработка за проектот„Низ женски леќи":Покревање на политики и буџетски иницијативи , следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост.
- Решение за формирање на комисија за следење на проектот„Низ женски леќи"
-Менторска поддршка за изработка на ЛАП за родова еднаквост. Оваа поддршка е овозможена во соработка со канцеларијата на UN Women во рамки на проектот „Унапредување на институционализацијата на родово одговорно буџетирање преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во РСМ".
Решение за формирање на работна група за изработка на ЛАП (Локални акциски планови за родова еднаквост
-Менторска поддршка за род и климатски промени
-Родово разделени податоци во општинските институции преку барање до институции

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

-Обучени членови на КЕМ, Општинска администрација наставен кадар во образование, социјална заштита, детска и здравствена заштита, спорт, култура и НВО
-Зголемен интерес за учество на обуки
-Број на одржани форумски сесии на проект„Низ женски леќи"
-Број на одржани работилници за креирање на ЛАП за родова еднаквост
-Соработка со ОО„Црвен Крст Пробиштип преку реализација на активности предвидени во програмата за социјална детска и здравстева заштита
-Реализирани активности предвидени во програмата за социјална детска и здравстева заштита
-Добиени податоци од општински институции на барање на општината

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])

---

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| -69 учесници од кои 60 жени и 9 мажи земаа учество преку платформата зоом на форумските сесии на проект„Низ женски леќи“<br>-4 жени од општинската администрација се членови на комисија за следење на проект „Низ женски леќи“<br>-8 жени и 5 мажи од општинската администрација се членови на работна група за изработка на ЛАП за родова еднаквост<br>- Тројца претставници од општинска администрација имаат учествувано на обуки за род и климатски промени<br>- Преку програмата ОКР 2021 година ангажирани 9 лица од кои 8 се жени<br>-Реализирани услуги на 130 лица (хронично болни лица, стари и изнемоштени, лица со посебни потреби, лица во изолација и др.) со бесплатната услуга за достава на храна, хигиена, лекови итн преку програма на ОО„Црвен Крст“ Пробиштип каде финансиски ја подржува општина Пробиштип.<br>-Одобрени 37 барања од совет на општина Пробиштип за еднократна финансиска помош од лица во социјален ризик, за лекување, болест<br>- Со програмата за социјална детска и здравствена заштита опфатени се :<br>-65 жени и 86 мажи корисници на право на гарантирана минимална помош и право на социјална сигурност на старите лица на кои им се доделени пакети со прехрамбени продукти<br>-На 43 деца од општина Пробиштип се извршени логопедски третмани на возраст од 3-13 години<br>-Поднесени 105 барања за еднократна помош за новороденче од кои 59 машки и 46 женски деца<br>-12 лица од кои 10 машки и 2 женски членови на Здружение на слепи лица користат субвенции на сметки за комунални услуги спрема ЈКП Никола Карев |
| **2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**<br>- Буџетска иницијатива во рамки на проектот „Низ женски леќи“<br>-Извештај од реализирани активности по програма за социјална детска и здравствена заштита за 2021 година<br>-Извештај од реализирани активности по програма за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година |
| **2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :**<br>-Спроведени обуки на општинската администрација која работи на подготовка на предлог програмите и буџетот на општината за воведување на родовата перспектива во сите програми преку користење на родова анализа на потребите и родовите јазови што ќе доведе и до креирање родово одговорен буџет.<br>-Препораки за воведување на родова перспектива во сите програми произлезени од Проект „Низ женски леќи“ преку форуми во заедницата–Приоритени области и активности за граѓаните на општина Пробиштип и Родова анализа на општински програми за 2020-2021 година<br>-Соработка со Граѓански здруженија<br>-Експертска поддршка (поддршка за креирање на ЛАП за родова еднаквост) и род и климатски промени |
| **2.7.Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**<br>-Преку воведување на родови индикатори во општинските програми за 2022година |
| **2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори**<br>-Број на оддржани форумски сесии<br>-Број на оддржани средби на работна група за изработка на ЛАП за родова еднаквост |

2.9. Доколку имате документи и прилози кои сведочат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот

Во прилог:
- Буџетска иницијатива во рамки на проектот „Низ женски леќи"

2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?

Да
-Соработка со Центар за истражување и креирање политики(ЦИКП)
-Соработка со Министерството за труд и социјална политика и UN Women- проектот „Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Република Северна Македонија".
-ЗЕЛС
- Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг

2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?

а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси
* приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)
База на податоци
http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2016/08/Vraboteni-vo-opshtina-Probishtip-2021-godina.pdf
б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)
* приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.

**Во прилог**
**-табела база на податоци добиени од институции по пол и вкупен број**
**-Извештај од реализирани активности во програма за социјална детска и здравствена заштита за 2021 година**

2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?

ДА
Годишна Програма за еднакви можности за жените и мажите

**опишете:**

**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**

Согласно предвидените активности во годишната програма за еднакви можности на жените и мажите во 2021 година релизирани се следните активности без финансиска импликација:

-Реализирана е обука и едукација на општинската администрација, образовниот кадар.Општина Пробиштип и Центарот за истражување и креирање политики склучија Меморандум за соработка заедно со проектните партнери ЕХО од Штип , Рурална Коалиција од Куманово , Лулуди и Новинари за Човекови Права од Скопје во рамки на проектот„Низ женски леќи“, покревање на политики и буџетски иницијативи , следење на спроведување на локалните акциски планови за родова еднаквост. Ова е проектната апликација за финансирање од Делагицијата на Европската Унија во СКопје. Целта на овој меморандум за соработка е во насока на постигнување на севкупното унапредување на родовата еднаквост во општината. Временскиот период за реализација на овој проект е три години до 2023 година. Од страна на Градоначалникот на Општина Пробиштип беше формирана комисија со претставници од општинската администрација за информирање и следење на проектот „Низ женски леќи“ .Во рамки на овој проект во месец јуни беа оддржани три форумски сесии преку платформата zoom. На форумот учествуваа 69 учесници од кои 60 жени и 9 мажи. На форумите се идентификуваа проблемите, решенијата и на крај се приоритезираа решенијата и проблемите. Учесници беа претставници од локалните институции, општинска администрација, граѓански организации и др. Преку овие форуми се овозможи вклучување на граѓаните посебно на целните групи кои се главен фокус на проектот со цел обезбедување услови за приоритезирање на програмите и проектите како и истовремео подобрување на структурата на програмите во општините.На крајот беше изготвена буџетска иницијатива за општина Пробиштип. Направена е родова анализа на програмите за 2021 година покажувајки ја интегрираноста на родовата перспектива.

За Програмата за еднаквите можности на жените и мажите за 2021 година е оценета дека го запазува родовиот баланс и е прилагодена да одговори на потребите на жените и мажите преку специфични мерки кои се насочени кон намалување на родовиот јаз. Јазикот е родово сензитивен.

Родовата перспектива во општина Пробиштип е интегрирана во неколку програми и со целосно имплементирање на предвидените активности може да води до значително подобрување на родовата рамноправност во општината. Беше дадена препорака при креирање на политиките во иднина да се користат родови индикатори.

-Исто така Општина Пробиштип во 2021 година доби менторска поддршка овозможена во соработка со канцеларијата на UN WOMEN .Оваа активност е во рамките на соработката на Министерството за труд и социјална политика и UN Women- Тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените од крајот на 2019 година го имплементираат заеднички проектот „Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Република Северна Македонија“. Во рамките на истиот, планирана е поддршка на 12 општини, меѓу кои и општина Пробиштип.

Целта на оваа активност беше со помош на експерт ангажиран од страна на МТСП да се помогне на општинската администрација во креирање на политики со вклучување на родова перспектива во програмите и подготовката на локалните акциски планови за родовата рамноправност. Од страна на ангажираното лице-експерт беа оддржани работилници преку зоом и со физичко присуство за утврдување на приоритетите и вклучување на родовата перспектива во програмите како и анализа на постојните стратешки докумнти и политики на општината.Учесниците имаа можност да се запознаат со концептот на родовото одговорно буџетирање и родовата интеграција во програмите и дефинирање на чекори за понатамошен развој на ЛАП за родова еднаквост.

предвидува анализа на постојните стратешки документи и политики на општината од родова перспектива; координација со координаторите/ките за еднакви можности на жените и мажите како и претставници од општината; спроведување на работилници за утврдување на приоритетите и вклучување на родовата перспектива во програмите; поддршка и менторство при подготовка на локални акциски планови за родова еднаквост во тесна соработка со координаторите/ките за еднакви можности; како и поддршка и менторство при подготовка на план за следење и евалуација на мерките од акцискиот план. Градоначалникот на Општина Пробиштип донесе Решение за формирање на Работна група за изработка на Локалниот акциски план за родова еднаквост на општина Пробиштип. Работната група е составена од претставници од општинска администрација. Локалниот акциски план за родова еднаквост на општина Пробиштип е во завршна фаза.

-Општина Пробиштип во 2021 година има добиено и менторска поддршка и за Род и климатски промени од страна на Центарот за истражување и креирање политики Консалтинг од страна на МТСП на РСМ во соработка со УНДП. Се овозможи обезбедување на поддршка и воведување на родова перспектива во програмите кои се дирекнтно поврзани со влијанието на климатските промени. Менторската програма е имплементација на Националаната стратегија за родова еднаквост 2021-2026 година. Со менторската програма ќе се продолжи и во 2022 година и ќе се даде поддршка во подготовката на мерки и програми и нивна евалуација . Менторската програма е во линија со обврските на надлежните институции кон зајакнувањето и имплементацијата на Национална Стратегија за Родова Еднаквост 2021-2026

Со Оваа менторска поддршка ни беше овозможено (помогнато) во поддготовката на програмите и мерките за 2022 годна во делот на ЛЕР и заштита на животната средина се со цел нивно унапредување. Помошта беше со разгледување на програмите и сугестии и помош во вклучување на родовата еднаквост во програмите.

- Систематизирана е база на податоци. Мапирани се потреби во институциите (користење и ажурирање база на податоци за потребите на општината во делот на родовата застапеност во образование, детска заштита, здравство, култура, спорт , социјлна заштита). Согласно доставеното барање до инситуциите добиени се податоци во делот на родовата застапеност и мапправена е анализа на родово разделена статистика од институции (општина, училишта , детска градинка, Дом на култура и комуналното претпријатие.

-Со Решение бр. 26-1185/8 од 07.12 2021 година формирана е Комисија за еднквост меѓу половите. Составена е од пет члена од кои е еден маж и четири жени.

-Изготвен е Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите. Тоа е законска обврска на општината еднаш годишно, а најдоцна до 31 март во тековната година да се достави извештајот до мтсп и да го објави на веб страната на општината .Формата и содржината на извештајот е пропишан од страна на МТСП.

-Направена е измена на програмата за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип за 2021 година со број 26-714/10 од 06.07 2021 година и додавање на нова активност, а тоа е подготовка на акциски план за заштита од родово базирано насислтво врз жени и семејното насилство. Изработката на овој стратешки документ ќе се изготви во 2022 година и оваа активност е предвидена и во ЛАП за родова еднаквост кој е во завршна фаза и во програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година.

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

Да.

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**

а) слушател/слушателка

б) обучувач/обучувачка

2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн).
Координаторот за еднакви можности има посетено:

-Инфо работилница во рамки на програмата општинско-корисна работа
-Обука род и климатски промени
- Minority Commissioner-Nalas
-Social Dialogue Forum-Nalas
- Day Care Services at the Local Level from Theory into Practice-Nalas
-Вовед во вклучување на родовите аспекти во политиките на локално ниво-Nalas

2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)
Ве молиме опишете
-Добиените знаења се пренесуваат преку дискусија, размена на искуство од посетените теми на раководителот на одделението на јавни дејности.

2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?
Иницијативи за воведување на родова перспектива во програмите и извештаите на општина Пробиштип

2.19.Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?
-Активнсотите се реализират во текот на годината

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

3.1.Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?
-Надминување на предизвиците преку горенаведените менторски поддршки

3.2.Споделете пример за добра или лоша пракса
-Соработката, присуството на работилници и вебинари, методологии, започнување со изработката на локален акциски план за еднакви можности на жените и мажите

3.3.Наведете примери за научени лекции
-Координацијата и добрата волја за соработка со институциите е од големо значење за спроведување на законската регулатива за еднакви можности

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)
-Во наредниот период ќе се реализраат активностите согласно предвидените во годишната програма за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година,
-Реализација на активности согласно потпишаниот меморандум за соработка
-Конечна изработка на ЛАП за родова еднаквост

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1.Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Во 2005година

5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:

а) Пол
б) Образование
в) Етничка припадност
г) Припадност на политичка па и недискриминацијартија

Комисијата за еднакви можности на мажите и жените на општина Пробиштип(Комисија за еднаквост меѓу половите) е составена од пет члена и тоа четири жени од кои сите се со завршено високо образование и еден маж со завршено високо образование, членови на советот на општината, по националност македонци, членови на постоечките политички партии ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, СПМ и Демократски сојуз.
На седницата оддржана на ден 07.12 2021 година на предлог на Комисјата за мандатни прашања, избори и именувања се донесе решението за формирање на Комисијата за еднаквост меѓу половите како постојана комисија при совет на општина Пробиштип.

5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:
а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа
б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа
в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа
Членовите на комисијата за еднакви можности се членови на Советот на општината и учествуват во донесувањето на програмите за работа, буџетот на општината и иницијативи и предлози во корист на општината.

5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?
/

5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?
Не

5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од

накратко тука и приложете записници.
КЕМ ја разгледуваше програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2022г

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

-Соработка со координаторите за еднакви можности преку организирање на зеднички обуки во организиацija на претставници од МТСП Сектор за еднакви можности

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Организирање на едукативни трибини, работилници, давање насоки за водење на родовата статистика.